Врз основа на член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Сл. весник на РСМ бр.275/19, 14/20 215/21 и 99/22 ) доставената конечна ранг листа на кандидати и предлогот за вработување на кандидати по јавне оглас 107/23 бр. 10-903/7 , а во својство директор на јавното претпријатие ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО ЈПКД'КОМУНАЛЕЦ' - СТРУМИЦА**

1. За извршител на работно место под Ред. бр.75 - КДР 01 02 В04 040 – "Помлад соработник за реализација на набавки" во "Одделението за магазинско работење и реализација на јавни набавки" при "Сектор за финансиско работење " се избира кандидатот - **Елена Балџиева.**
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 , по конечноста на ова одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 21.04.2023 год. во дневните весници "Нова македонија" , "Слободен печат" и "Коха"беше објавен оглас за вработување на административни службеници во ЈПКД"Комуналец" – Струмица.Постапувајки по одредбите од законот за административни службеници, комисијата за селекција за вработување по јавен оглас по записник бр. 10-903/4 од 09.05.2023 год. изврши административна селекција за вработување по јавен оглас бр 107/23 и констатира дека за огласеното работно место под ред. бр. 1 уредно се пријави 1 (еден) кандидат.

Во просториите на Агенцијата за администрација на ден 19.05.2023 год. се спроведе испит за административен службеник(записник бр. 10-903/5 од 19.05.2023 год.

На ден 23.05.2023 год. се изврши проверка на веродостојноста на доказите и се спроведе интервју на административниот службеник (записник бр. 10-903/6 од 23/05.2023 год.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр. 107/23 год. и истата беше доставена до директорот на ЈПКД"Комуналец" – Струмица, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Одлука

По конечноста на ова Одлука директорот на ЈПКД'Комуналец' – Струмица во рок од 5 (пет) ќе склучи договор за вработување на неопределено време со избраниот кандидат.

Упатство за правно средство: : Против оваа одлука кандидатот имаат право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР
Зоран Горгиев